**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
***Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди***
Број 12-
15.01.2009 година
С к о п ј е

# И З В Е Ш Т А Ј
## *За работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во 2008 година*

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди го претставува контролниот механизам на Министерството за внатрешни работи врз работата на полицијата и Министерството, поради што и надлежностите на Секторот се мошне широки и во нивното реализирање опфаќаат широк спектар на мерки и активности насочени кон утврдување на незаконито постапување на полициските службеници и овластените службени лица или нивно постапување спротивно од прописите.

Во текот на изминатата 2008 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, го продолжи трендот на зголемување на својата ефикасност и ефективност во работата, како и со остварување на активностите содржани во Програмата за работа.

### Статистички показатели за работата на Секторот

Во текот на изминатата година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, преземаше мерки за

испитување на 1148 ***(974)***[1] ***случаи*** на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува зголемување на бројот на испитани случаи за 18 % во однос на истиот период минатата година.

За тие случаи, како и за случаите кои сеуште не се завршени, а се предмет на работа, во Секторот се примени ***594*** (496) **писмени претставки од граѓани**, што споредено со истиот период минатата година се во зголемување за 19,7%. Намален е бројот на примени ***записници за усно поднесени претставки-298*** (324), во кои граѓаните реагираат на одредени неправилности во работењето претежно на полициските службеници. Исто така, во овој период значително е намален бројот на примени ***анонимни поднесоци- 67*** (104), во кои граѓаните укажуваат на одредени неправилности во работењето на вработени лица во МВР, меѓутоа од најразлични причини не ги кажуваат сопствените генералии. На приближно исто ниво ***219*** (220) како и претходната година се пријавите за непрофесионално и незаконско постапување на припадници на МВР ***по пријава на тел. број 199***. Во половина на вака пријавените случаи граѓаните не ги кажуваат генералиите, а и различни се видовите на злоупотреба пријавени по телефонска пријава.

Покрај, добиените претставки, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија по добиени известувања, по наредба на министерот, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **154** (156) ***службени материјали (сл.белешки, информации, телеграми) од организационите единици во МВР*** во кои се

---

[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од припадници на МВР.

Писмени реакции во вид на претставки жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - 60 (60). Повеќе од половина на добиените поднесоци од невладини организации- **38** (29) се од ***Хелсиншкиот комитет за човекови права*** во Република Македонија, по една од хуманитарната организација **„Нова надеж"** и **ХОПС,** додека останатите 20 поднесоци се од невладини организации имплементирани во ***Проектот за подршка на човековите права.*** Од овие невладини организации, најголем број претставки – **по шест** (4) се од ***НВО Центар за граѓанска иницијатива,*** **четири** (4) преку ***"ARKA"*** и по **три претставки** преку ***НВО „Избор„*** **(8), Центарот за демократски развој (1)** и здружението ***"Сите за правично судење"***(12). Ваквите поднесоци во најголем број случаи се однесуваат на предмети кои се повторуваат, за кои веќе од други субјекти се добиени претставки или по други основи е доставуван одговор.

Исто така, во овој период се добиени и **51** (50) поднесок од ***Народниот правобранител***, како и 17 поднесоци од ***адвокати како полномошници на граѓани***, 14 од фирми и други правни лица и др.

Во најголем број на случаи, претставките се однесуваат на забелешки за непрофесионално постапување на овластените службени лица во смисла на непреземање на службени дејства по однос на одреден настан или се незадоволни од преземените мерки и активности, забелешки на записниците при случена сообраќајна незгода, начинот на приведување и лишување од слобода и слично.

Од 1148 случаи за кои се вршени проверки, **919** се предмети кои се постапувани врз основа на добиени претставки

од граѓански и правни лица во кои се посочени неправилности извршени од страна на вработени во МВР, а останатите се по добиени известувања, сознанија и друго. Од анализа на структурата на добиени и постапени предмети по претставки од граѓани, може де се констатира дека во **612** случи наводите изнесени во претставките се ***неосновани,*** **137** случаи ***се основани*****,** **104** предмети се без исход, односно ***нема доволно докази*** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, **33** се ***делумно основани***, за **20** предмети, по извршените проверки е утврдено дека не се во надлежност на СВКПС, за **девет предмети** има потреба од дополнително преземање на мерки, односно **проверките продолжуваат**, а за четири случаи од претставките нема основ за постапување на СВКПС.

Инаку, за сите постапени 1148 предмети по извршени проверки за 257 (251) случаи се утврдени ***одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи***, при што согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и останатите правилници, од страна на СВКПС се предложени соодветни мерки спрема службените лица кои непрофесионално и незаконски постапувале. Така, во **90 (98)** случај за утврдените неправилности СВКПС против **173** (175) полициски службеници предложи поведување на ***постапка за утврдување на одговорност***, а во **57** (81) случаи е предложена мерка ***намалување на личниот доход*** за **96** (145) полициски службеници. Исто така, во **81** (93) случаи, по извршените проверки СВКПС, предложи ***предупредување*** за **122** (149) службени лица. Во **24** (18) случаи кога по извршените проверки се утврдени одредени неправилности, од страна на СВКПС е предложено ***прераспоредување*** на друго работно место за **53** (43) службени лица во **10** (40) случаи за **39**

(84) припадници на МВР предложено е ***суспендирање*** од работното место, а за **четири** (8) припадника на МВР е предложено поведување на ***прекршочна постапка***, а во **31 случај** (3) утврдување на материјална одговорност за надомест на штета против **33** лица.

Инаку, во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица кои имаа обележје на кривично дело, од страна на СВКПС се поднесени **67** (62) **кривични пријави** против **75 службеници лица** за сторени 70 **кривични дела**. Од вкупно пријавените 70 кривични дела **61 се дела со елементи на коруптивно однесување. 57** од кривичните дела се за *"злоупотреба на службената положба и овластување"* (44 од нив се за продоложено кривично дело "злоупотреба на службената положба и овластување"), **две** дела се за *"проневера во службата"* и по едно кривично дело "*примање поткуп*" и *„послужување во вршење служба*". Останатите кривични дела се **две** *"малтретирање во вршење на службата"* и *"употреба на исправа со невистинита содржина",* и **по едно кривично дело** *"загрозување на сигурноста", "фалсификување исправа", "непријавување на кривично дело или сторител", "кражба"* и *"измама".* ***Од вкупно пријавените 75*** **службени лица, 74 се полициски службеници**, од кои **69** се припадници на униформираниот состав на полиција (меѓу нив двајца поранешни командири на ПС и по еден помошник командир и заменик командир на ПС), тројца инспектори, еден поранешен началник на СВР, едно лице управник на транзитен центар, и едно овластено службено лице- ракувач со материјално технички средства. Од вкупно кривично пријавени службени лица, **57** се вработени во Секторот за гранични работи, **седуммина** се вработени во СВР Скопје, **четворица** во СВР Тетово, **тројца** во Единицата за безбедност на патниот сообраќај на автопат и по

**еден** во СВР Охрид, ПС Гостивар, ПС Прилеп и Транзитен центар за странци.

Покрај ова, во изминатава годинава се изготвени и доставени **39** (32) ***Посебни извештаи*** до Основните јавни обвинителства во Р.Македонија, од кои 21 се по барање на ОЈО, а 15 Посебни извештаи се за известување на надлежниот јавен обвинител за негово понатамошно постапување, додека три Посебни извештаи се дополнување на веќе поднесени кривични пријави.

Исто така, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во **два** (3) случаи ја ***испитуваше основаноста оправданоста и правилноста за употреба на огнено оружје***, при што е утврдено дека истата е основана, оправдана и правилно употребена и е во согласност со законот за внатрешни работи и Уредбата за употреба на средства за присилба.

Во текот на изминатава година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше по **64** (61) **поднесоци,** од граѓани во кои е наведено дека спрема нив од полициски службеници **е употребена физичка сила.** По преземени мерки е утврдено дека **36 поднесоци се неосновани,** во **24 случаи** поради немање на доволно докази **не може да се утврдат наводите во претставката** за употребена физичка сила, додека во **четири случаи е утврдено дека истата е неосновано и неоправдано употребена.** Во два од тие случаи, од страна на СВКПС се поднесени **две кривични пријави** против тројца полициски службеници, при што против истите е предложено да се покрене постапка пред Комисијата за отказ. Во останатите два случаи против полициските службеници е предложено да се поведе постапка за утврдување на одговорност пред надлежната Комисија за отказ.

Во врска со добиените предмети, по извршени предмети од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, доставени се **754** (641) одговори **до *граѓани***, **63** одговори до невладини организации, 33 одговори до фирми, 11 одговори до **адвокати**, како и одговори до други субјекти правни лица.

Од вкупно примените 51 поднесоци од **Народниот правобранител, одговор е доставен на 46 претставки,** додека за пет од поднесоците од Народниот правобранител, кои се добиени при крајот на 2008 година, постапката за проверка и изготвување на одговор е во тек. Исто така, во овој период од народниот правобранител се доставени и шест одговори на поднесоци добиени при крајот на 2007 година.

Изминатата година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во 74 случаи на случени **сообраќајни незгоди со возила сопственост на МВР** излезе на лице место. Од извршените проверки е констатирано дека само во четири случаи возилата биле управувани без уредно издаден налог за патување, а во два случаи кај полицискиот службеник е констатирано присуство на алкохол во крвта, додека еден полициски службеник одби да биде алкотестиран. Во случаите каде е утврдена вина за предизвикување на сообраќајната незгода од страна на соодветните служби во МВР се поднесени 14 прекршочни пријави и пет кривични пријави. За случаите каде се утврдени пропусти од страна на полициските службеници поради кои е настапена материјална штета на возилата сопственост на МВР, СВКПС до непосредните раководители каде истите се вработени предложи во 26 случаи да бидат покренати постапки за надомест на штета, а во четири од случаите поради управување без налог на возило и алкохолисаност на полицискиот службеник за време на извршување на службени задачи и одбивање на алкотестирање

е предложено и поведување на постапка пред надлежната Комисија за отказ.

За време на одржување на предвремените парламентарни избори во Републикава, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди беше вклучен во работни групи формирани на ниво на МВР со цел откривање на припадници на Министерството за внатрешни работи кои учествуваа во нерегуларностите. Во периодот пред и за време на изборите во Републикава, за изборните нерегуларности од страна на МВР се поднесени 11 кривични пријави против 12 припадници на Министерството за внатрешни работи. Врз основа на преземените мерки и утврдените нерегуларности, по предлог на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди од страна на министерот за внатрешни работи за едно лице е донесено решение за престанок на работниот однос со отказ без поведување на дисциплинска постапка пред Комисијата за отказ, на едно лице приправник му е раскинат договорот за вработување, едно лице полициски резервист е раздолжен и разрешен од понатамошниот ангажман, додека против 26 вработени во МВР е предложено да се покрене постапка за утврдување на одговорност пред Комисијата за отказ, а за 23 лица вработени во МВР е предложено со писмена одлука да бидат оддалечени од работно место и Министерството се до завршување на постапката. Според податоците со кои располага Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, дисциплинските постапки се завршени, по што на три лица им е донесено решение за престанок на работниот однос, додека на останатите им е изречена дисциплинска мерка- намалување на дел од платата.

Имајќи ги предвид коментарите на Извештајот на Комитетот за превенција од тортура при Советот на Европа во однос на забелешките кои се однесуваат на повеќе сегменти на

заштита на човековите слободи и права, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди изготви Акциски план со утврдени активности, носители, рокови, индикатори на успешност и финансиски импликации. Во рамките на тој Акциски план Секторот во февруари годинава, изврши посета и увид во 20 подрачни полициски станици од општа надлежност, при што врз основа на констатираната состојба предложи конкретни мерки за надминување на состојбите.

Исто така, во анализираниот период, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и понатаму продолжи со вршење на контроли во поедини организациони единици на МВР, каде што постојат сознанија за не постапување на полициските службеници согласно телеграмата за употреба на службени возила и утврдување на алкохолизираност на полициските службеници за време на работа. За сите случаи кога се откриени неправилности од страна на Секторот против полициските службеници се предложени дисциплински мерки. Контроли се вршени и на сообраќајници пред полициски станици и пред седиштето на МВР со цел вршење увид на рокот на важење на регистарацијата на приватните ПМВ на вработени во МВР. За сите откриени случаи на управување на ПМВ со изминат рок на регистрација на лицата кои ги управуваат истите изготвен е записник и налог за наплата на глоба за сторен прекршок по член 343 од Законот за безбедност на патниот сообраќај.

На подрачјето на Скопје како и на подрачјето на Велес, Битола и Прилеп, беа спроведени контроли на кабареа, ноќни клубови и кафе барови, со цел откривање на припадници на Министерството за внатрешни работи кои извршуваат обезбедување на истите што е во спротивност со Правилникот за работите и дејностите што се во судир со полициските работи. Во контролите беа вклучени и инспектори од трудовата и

пазарната инспекција. Од извршените контроли не се откриени лица вработени во МВР кои вршат обезбедување на објектите, а инспекторите од трудовата и пазарната инспекција преземаа мерки од нивна надлежност, при што четири објекти беа затворени од трудовата инспекција, бидејќи лицата затекнати во објектот не биле пријавени во Заводот за вработување.

Исто така, во декември годинава, во координација со Државниот инспекторат за транспорт беше извршена контрола на три наплатни станици на влез во градот Скопје, со цел откривање на злоупотреби на службената легитимација на службените лица, за избегнување на плаќање патарина на наплатните станици. За сите откриени случаи, каде имаше злоупотреби на службените легитимации не само од вработените во Министерството за внатрешни работи, туку и од вработени во други Министерства и други државни органи, им беше издаден налог за наплата на глоба за сторени прекршоци по член 68, 69 и 72 од Законот за јавни патишта.

Покрај налогот за наплата на глоба, од страна на СВКПС против сите вработени во МВР, кои ги злоупотребија службените легитимации спротивно на подзаконските акти до непосредните старешини каде истите се вработени, изречени се задолжителни мерки за поведување постапка за утврдување на одговорност на полициските службеници пред надлежните Комисии за отказ.

За одбележување е завршувањето на проектот – Јакнење на капацитетите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој траеше од 17.04.2007 година до 29.02.2008 година, а беше финансиран од Европската Агенција за Реконструкција.

Од април до октомври годинава, во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди успешно заврши проект, кој исто така е финансиран од Европската Агенција за

Реконструкција – Подршка за имплементација на акциониот план на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди кон крајот на септември 2008 година, отпочна со реализација на проект- обука за медијаторство на лицата за прифат- сменоводителите во полициските станици. Целта на овој проект е да се обучат лицата за прифат во Полициските станици во случаите кога граѓаните ќе дојдат да пријават поплака која се однесува на непристојно однесување од страна на полициски службеник, да се понудат да посредуваат во насока на взаемно надминување на предметниот проблем, доколку граѓанинот ја прифати таа опција. На овој начин, се очекува да се намали бројот на претставките кои доаѓаат до Секторот, а од друга страна на ваков начин ќе се зголеми и зајакне меѓусебната доверба меѓу граѓаните и полициските службеници.

Овој Проект се реализира врз изготвен план и програма, при што покрај претставници на Секторот во реализацијата учествуваа и претставници на Секторот за полиција- Одделение за јавен ред и мир, претставник од Народниот правобранител и претставник од Комора на медијатори на Република Макеонија.

Во текот на изминатат година, една од главните приоритети на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди беше и превентивното работење. Во таа насока, особено внимание беше посетено на унифицирање во постапувањето на полициските службеници во одделни сегменти од полициското работење таму каде што ќе се констатираше невоедначеност во постапувањето; укажување од потребата за регулирање, усогласување или измена на одредени подзаконски акти; како и укажувања за отстранување на негативни состојби и појави кои имаат влијание врз ефикасноста на работењето на полициските службеници.

## Кадровско доекипирање на Секторот

Во текот на извештајниот период, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди кадровски е ослабнат со заминувањето на шестмина извршители на  други работни места. Со интерен оглас, кон крајот на септември беа пополнети три работни места.

Обемот на работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, наложува зголемување на бројот на вработени. Овој проблем е особено актуелен, ако се има предвид дека бројот на кандидати кои се интересираат за работа во Секторот, навидум е голем, но кога ќе се увидат надлежностите и содржината на работа, интересот веднаш опаѓа и исклучително тешко се доаѓа до квалитетни кадри кои се неопходни за непристрасно, ефективно и ефикасно остварување на функциите на овој Сектор. И покрај тоа, интенција на Секторот е вработување на квалитетен кадар, поради што, заради кадровско доекипирање на Секторот кон крајот на годинава е распишан интерен оглас за вработување на уште шест виши советници и еден главен аналитичар. Со приемот на новите вработени се очекува поголема ефективност во извршувањето на работните задачи.

## Обуки за вработените во Секторот

Обуките за вработените во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, се одвиваат согласно временската рамка за реализирање на планираните обуки за 2008 година.

Во организација на ОБСЕ, на крајот на јануари 2008 година во Скопје, беше одржан семинар на тема „Местото и

улогата на Народниот правобранител во системот на заштита на човековите слободи и права, на кој учествуваат шест преставници од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди.

Со оглед на тоа што во изминатата 2008 година, Секторот се опреми со информатичка опрема, согласно Програмата за обука на вработените во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, од предвидените две обуки за работа со компјутери (основна и обука за спецификите кои ги нуди софтверското решение за поврзување на компјутерите во затворена мрежа за потребите на Секторот), оваа година поради доцнење на заокружување на совтверското решение е реализирана основната обука за работа со компјутери, што беше реализирана кон крајот на февруари и почетокот на март 2008 година. Обуката ја посетуваа сите вработени во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, а беше спроведена во Полициската академија во организација на набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје. Обуката за работа со софтверското решение ќе се спроведе наредната година кога за тоа ќе бидат создадени услови и кога ќе стави во функција новиот информатички систем за сите вработени во Секторот.

Во јуни 2008 година, во Охрид беше одржана работилница на тема „Методологијата на работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди". Во реализацијата на планираната обука учествуваа експерти ангажирани во проектот за јакнење на капацитетите на СВКПС, во која учествуваа 21 вработен во Секторот, вклучително и колегите, деташираните виши советници во Секторот.

Инаку, заложба на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, што е предвидено и новата Програма за работа на Секторот за 2009 е дел од обуките да се реализираат заедно со претставници на локалната самоуправа,

невладините организации, канцелариите на Народниот правобранител, и претставници на Полициските станици.

Од друга стана, цениме дека е потребно и во сите обуки кои се организираат во Министерството, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди да се вклучи со свои претставници.

### Материјално и техничко опремување во Секторот

Со донација од ICITAP, кон крајот на 2007 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди беше опремен со 21 персонален компјутер. Меѓутоа заради мрежно поврзување на посебен софтвер, Министерството за внатрешни работи во 2008 година обезбеди уште 14 персонални компјутери, кои покрај постојните што и до сега беа на располагање на Секторот, сметаме дека во целост ќе ги обезбеди потребите за информатичка техника. Како што напоменавме погоре, со помош на ОБСЕ, беше реализирана основна обука за сите вработени во Секторот за работа со компјутери, а кога ќе биде финализирано софтверското решение за начинот на користење на новиот софтвер, ќе биде реализирана и дополнителна обука, финансирана од ИЦИТАП.

Во изминатата година, Секторот обезбеди шест дигитални фото апарати, три дрегери за проверка на алкохол во крвта со полнач, седум радиостаници и два скенери. Планираното опремување на посебна просторија за интервју со странки останува да се спроведе наредната година.

Како и претходните години порано, проблем на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е недостигот на возила, поради што, Секторот во тековното работење ги користи возилата на возниот парк на МВР. Особено проблемот со недостиг на возила се чуствува во Секторите за внатрешни

работи каде работаат деташираните работници на Секторот. Оваа година, обезбедени се две нови возила, кои ќе ги користи Секторот, но и понатаму останува потребата за повеќе возила, што ќе треба да се реши во рамките на вкупните заложби на Министерството за внатрешни работи. Возилата се потребни пред се за Секторот за подигање на оперативноста, ефикасноста и ефективноста во работењето.

**Јакнење на соработката со Одделот за организиран криминал, Основните јавни обвинителства и Судот**

Во изминататата 2008 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди продолжи со активностите за зајакнување на соработката со Одделот за организиран криминал, Основните јавни обвинителства и судовите.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во сите случаи кога има основано сомнение дека одреден полициски службеник или овластено службено лице е сторител на кривично дело, задолжително прави консултации со надлежното Основно Јавно Обвинителство.

За одбележување е напорот кој го прави Секторот за благовремено и точно постапување по сите дописи кои доаѓаат од Обвинителството и Судовите.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, реализира неколку заеднички активности со Одделот за организиран криминал и соработката, како и размената на информации од взаемен интерес се одвива без никакви пречки и проблеми.

**Имплементација на Антикорупциската програма**

Министерството за внатрешни работи, изготви нова Антикорупциска програма за 2008 година, каде што јасно ги дефинира целите и приоритетите за таа година.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, покрај тоа што ја носи Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи, која произведува обврски за сите структури во организацијата на Министерството и полицијата, истиот е задолжен за следење на активностите содржани во програмата. Во таа насока, оценка е дека планираните активности се одвиваат согласно утврдената динамика, а за некои планирани активности кои и се реализирани ќе почнат да се применуваат со донесување на новиот Закон за внатрешни работи.

Во четвртиот квартал од годинава, реализирана е антикорупциска обука, чиј носител беше вработен во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во која беа вклучени еден претставник од Секторот за организација, стратешко планирање и развој на полиција и офицер за врска во Нациналниот координативен центар за интегрирано гранично управување. На обуката беа опфатени повеќе теми од аспект на запознавање со терминот корупција, идентификување и препознавање на корупцијата и мерките за справување со коруптивните појави, контролните механизми, улогата на менаџментот во справување со корупцијата. Целна група на обуки беа лица вработени во управните служби, кои работаат на издавање јавни исправи, претежно на патни исправи-вкупно 139 од сите Сектори за внатрешни работи. Покрај оваа обука, спроведена е и обука за борба против корупцијата за обучувачи од Регионалните центри за гранични работи, вкупно 15 (вработени во четирите Регионални центри), кои во престојниот период ќе реализираат антикорупциски обуки со полициски службеници од граничната контрола.

Кон крајот на 2008 година е донесена нова Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2009 година, која е усогласена со националната антикорупциска програма.

## Јакнење на соработката со Народниот правобранител и невладините организации

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди беше и останува зајакнувањето на соработката со Народниот правобранител и невладините организации, поради што Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, како контролен механизам во работењето на полицијата е оној сегмент од Министерството кој најчесто остварува комуникација со Народниот правобранител и невладините организации. Во извештајниов период, Секторот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. И понатаму се практикуват непосредни средби помеѓу претставници на Секторот и замениците на Народниот правобранител. Сите достави од Народниот правобранител и невладините организации сериозно се земаат во постапка и во рамките на нужно неопходното време за заокружување на проверките, благовремено се одговараат.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, на два пати реагираше до една невладина организација, која јавно истапи со податоци кои се невистинити. Во таа насока Секторот покрена иницијатива за организирање почести средби, со цел, низ аргументирана расправа да се дојде

до релевантни информации кои се од интерес за градење на објективен став кон одредени отворени прашања.

Исто така, во функција на транспарентното работење на Министерството и во тие рамки на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, претставници од Секторот земаа учество на повеќе отворени трибини на кои се дискутираше за заштитата на човековите слободи и права.

За одбележување е и придонесот на претставници од Секторот во работата на работната група, во проектот за изнаоѓање на поефикасен надворешен механизам за контрола на работата на полицијата, финансиран и подржан од ОБСЕ, кој резултираше со објавување на публикација и нејзино претставување пред пратениците во Собранието на Република Македонија.

**ПРИЛОГ: -** Табеларен преглед на одредени податоци.

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
***м-р Анета Станчевска***

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД**
**на одредени податоци од Секторот ва внатрешна контрола**
**и професионални стандарди**

**I.** Предлог мерки од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривични пријави | Предлози за барање за прекрш. Постапка | Предлози за поведув. дисциплин. постапка | Предлози за намал. на дел од плата | Предлози за писмено предупредување | Пред. за прераспоредување на др.раб.место | Предлози за надомест на материј. штета | Предлози за оддал. од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 г. | 784 | 50 | / | 117 | 63 | 36 | 85 | / | 12 |
| 2005 г. | 677 | 38 | / | 75 | 42 | 45 | 36 | / | 27 |
| 2006 г. | 691 | 34 | 8 | 58 | 51 | 66 | 29 | 3 | 12 |
| 2007 г. | 974 | 62-106 | 11-12 | 98-179 | 81-145 | 93-149 | 18-43 | 3-3 | 40-84 |
| 2008 г. | 1148 | 67-75 | 6- 6 | 90-173 | 57-96 | 81-122 | 24-53 | 31-32 | 10-39 |

**II.** Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила.

| | вкупно поднесоци | Основани | Неоснован и | нема докази |
|---|---|---|---|---|
| 2004 година | 54 | 22 | 27 | 5 |
| 2005 година | 86 | 11 | 56 | 19 |
| 2006 година | 83 | 9 | 51 | 23 |
| 2007 година | 61 | 9 | 33 | 19 |
| 2008 година | 64 | 4 | 36 | 24 |

**III.** Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно Поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2004 година | 35 | 35 |
| 2005 година | 68 | 52 |
| 2006 година | 112 | 103+(16) [2] |
| 2007 година | 50 | 44+ (9) |
| 2008 година | 51 | 46+ (6) |

**IV.** Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет | 39 | 38+(3) |
| „Арка“ | 4 | 4 |

[2] *Бројката во заградата се однесува на одговори по предмети добиени претходната година.*

| | | |
|---|---|---|
| „Сите за правично судење“ | 3 | 3+(1) |
| „Центар за граѓанска иницијатива“ | 6 | 6 |
| НВО„Избор“ | 3 | 3 |
| Центар за демократски развој | 3 | 3 |
| Хуман. организација „Нова надеж“ | 1 | 1 |
| „ХОПС“ | 1 | 1 |
| Вкупно | 60 | 59+(4) |